**Македонски центар за меѓународна соработка**

# Ставови на граѓаните за решение на билатералниот спор на Македонија со Грција

## Вовед

МЦМС спроведе повеќе истражувања за прашања од општествен интерес, како доверба, општествени вредности и општествена одговорност на граѓаните и за актуелни прашања, како што се ставовите за решение на билатералниот спор на Македонија со Грција.

## Методологија

Прашањето е поставено во рамките на теренска анкета - лице во лице, во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.050 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Теренската анкетата за МЦМС ја спроведе Институтот за социолошки и правно-политички истражувања (ИСППИ).

## Решение за спорот

За истражувањето на ставовите на граѓаните за прифатливо решение на спорот, од нив е побарано да изберат две најприфатливи и едно целосно неприфатливо решение од можни **пет решенија.** Можните решенија се движат од една до друга крајна позиција, односно од „прифаќање **ново име за сите употреби**“ до „Македонија не треба да прифати **никакви промени**“.

**Табела 1. Преглед на употребени формулации за решенија за името**

| Скратена формулација во извештајот | Формулација употребена во анкетата |
|---|---|
| **Ново име за сите употреби** | Решение за спорот е прифаќање **ново име за сите употреби**. |
| **Договорено име во сите меѓународни комуникации** | Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во сите меѓународни комуникации**, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. |
| **Договорено име во меѓународните организации** | Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во меѓународните организации** (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би не условувале по сопствен избор и договор. |
| **„Двојна формула“** | Решение за спорот е употреба на името **Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име.** |
| **Никаква промена** | Македонија не треба да прифати **никаква промена**. |

**Табела 2. Прва и втора изјава за решавање на проблемот со името, која најдобро го одразува ставот на граѓаните и една изјава која најмалку го одразува нивниот став**

| Став | Прв најдобар | Втор најдобар | Најмалку прифатлив |
|---|---|---|---|
| Решение за спорот е прифаќање **ново име за сите употреби.** | 10,5 % | 10,2 % | 26,9 % |
| Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во сите меѓународни комуникации**, додека Република Македонија би било само за домашна употреба. | 2,9 % | 3,7 % | 25,2 % |
| Решение за спорот за името е употреба на **договорено име во меѓународните организации** (ОН, НАТО, ЕУ и др.), додека другите земји би не ословувале по сопствен избор и договор. | 12,3 % | 11,0 % | 7,6 % |
| Решение за спорот е употреба на името **Република Македонија во домашна и меѓународна комуникација, а Грција може да употребува друго име**. | 25,0 % | 31,9 % | 7,4 % |
| Македонија не треба да прифати **никаква промена**. | 48,4 % | 16,1 % | 15,7 % |
| Без одговор | 1,0 % | 27,0 % | 17,1 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % |

**Еден од два граѓани е против каква било промена**, еден од четири би ја прифатил „двојната формула“ и еден од четири би прифатил едно од три други решение. Најмалку прифатливи се решенијата за ново име за сите употреби или договорено име за сите меѓународни комуникации. За 15,7% од граѓаните е неприфатливо Македонија да не прифати никаква промена.

**Разлики во однос на ставовите се јавуваат на етничка основа, но не и на партиска основа.**

Никаква промена (60,2%) и „двојната формула“ (28,3 %) се два најприфатливи избори за етничките Македонци. **Тие заедно чинат 88,5%**. Ново име (31,3%) и договорено име во меѓународните организации (28,6%) се два најприфатливи избори за етничките Албанци. За етничките Македонци ново име за сите употреби е најмалку прифатлив избор, а за етничките Албанци најмалку прифатлив избор е никаква промена.

**Табела 3. Разлики во однос на ставовите на етничка основа**

| | Прв најдобар | | Втор најдобар | | Најмалку прифатлив | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Ет. Мак. | Ет. Алб. |
| Ново име за сите употреби | 3,0 % | 31,3 % | 3,9 % | 26,6 % | 32,4 % | 6,6 % |
| Договорено име во сите меѓународни комуникации | 0,8 % | 8,1 % | 1,7 % | 9,7 % | 28,2 % | 18,1 % |
| Договорено име во меѓународните организации | 7,1 % | 28,6 % | 8,3 % | 19,3 % | 6,5 % | 9,3 % |
| „Двојна формула“ | 28,3 % | 15,8 % | 36,3 % | 17,0 % | 5,4 % | 14,7 % |
| Никаква промена | 60,2 % | 13,9 % | 18,7 % | 10,8 % | 6,9 % | 40,5 % |
| Без одговор | 0,6 % | 2,3 % | 31,2 % | 16,6 % | 20,6 % | 10,8 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Разликите во ставовите врз етничка основа се одразуваат на разликите врз основа на местото на живеење (рурално/урбано) и кај географските региони, како и кај симпатизерите на политички партии. Тоа влијание се должи на поголемото учество на една од двете побројни заедници (етнички Македонци и етнички Албанци) во примерокот на местото на живеење (рурално/урбано), географските региони и симпатизерите на политички партии, отколку во националниот примерок. На пример, во примерокот учеството на етничките Албанци е 24,6%, а нивното учество е повисоко во руралните подрачја (40,4%), во полошкиот регион (63,7%) и во ДУИ (91,9). Соодветно, ставовите на етничките Албанци влијаат на ставовите во руралните подрачја, полошкиот регион и ДУИ.

**Табела 4. Разлики за ставовите за прв најдобар избор кај симпатизерите на политички партии**

| | Прв најдобар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Став** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **СДСМ** | **ДУИ** | **ДПА** | **Нова демок.** | **Други** | **Не е симпат.** |
| Ново име за сите употреби | 3,0 % | 3,5 % | 29,9 % | 30,5 % | 33,3 % | 12,7 % | 9,7 % |
| Договорено име во сите меѓународни комуникации | 0,9 % | 0,7 % | 9,0 % | 8,5 % | 14,3 % | 3,2 % | 2,4 % |
| Договорено име во меѓународните организации | 6,1 % | 9,7 % | 25,4 % | 33,9 % | 38,1 % | 15,9 % | 9,9 % |
| „Двојна формула“ | 23,9 % | 32,6 % | 16,4 % | 13,6 % | 14,3 % | 27,0 % | 26,2 % |
| Никаква промена | 66,1 % | 53,5 % | 17,9 % | 13,6 % | 0 % | 39,7 % | 50,2 % |
| Без одговор | 0 % | 0 % | 1,5 % | 0 % | 0 % | 1,6 % | 1,7 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Мнозинството на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, на СДСМ, како и на граѓаните кои не се симпатизери на политички партии се одлучиле за никакви промени како прв најдобар избор кој ги одразува нивните ставови.

Слично е во случајот на најмалку прифатливи начини на решавање, презентиран подолу.

**Табела 5. Разлики за ставовите за најмалку прифатлив избор кај симпатизерите на политички партии**

| | Најмалку прифатлив | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Став** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **СДСМ** | **ДУИ** | **ДПА** | **Нова демок.** | **Други** | **Не е симпат.** |
| Ново име за сите употреби | 33,0 % | 33,3 % | 6,0 % | 11,9 % | 4,8 % | 28,6 % | 27,5 % |
| Договорено име во сите меѓународни комуникации | 29,6 % | 28,5 % | 19,4 % | 22,0 % | 9,5 % | 27,0 % | 23,8 % |
| Договорено име во меѓународните организации | 7,0 % | 8,3 % | 11,9 % | 6,8 % | 4,8 % | 1,6 % | 8,2 % |
| „Двојна формула“ | 4,3 % | 4,9 % | 9,0 % | 15,3 % | 14,3 % | 6,3 % | 8,4 % |
| Никаква промена | 7,4 % | 7,6 % | 40,3 % | 37,3 % | 57,1 % | 20,6 % | 13,5 % |
| Без одговор | 18,7 % | 17,4 % | 13,4 % | 6,8 % | 9,5 % | 15,9 % | 18,7 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

## Прифатливост на географски одредници

Граѓаните беа прашани за прифатливоста на географските одредници, и тоа за најчесто споменуваните: северна, вардарска и горна. Исто така граѓаните се прашани за местото на одредницата во името.

За мнозинство граѓани не е прифатлива ниту една од понудените географски одредници. Во однос на ставовите се повторуваат разликите на етничка и партиска основа како на погорните прашања.

**Графикон 1. Придавка или додавка на името, која е најдобра според граѓаните, доколку се постигне взаемно прифатливо решение со Грција**




**Графикон 2. Доколку се договори решение за името со Грција, кое име би било најдобро?**



## Одговорност за решение на спорот

Граѓаните, прашани кој е одговорен за решение на спорот, односно доколку се постигне договор кој треба да ја донесе одлуката, сметаат дека е тоа Владата на Македонија со одобрување на Собранието на Македонија (59,2 %). За одлучување слично како кај Охридскиот рамковен договор се 34,2 % од граѓаните.

**Графикон 3. Доколку сте постигне договор за името со Грција, кој треба да ја донесе одлуката**




Тука ставовите на граѓаните не се разликуваат по различните социо-демографски групи, со исклучок на етничка основа и со нејзина поврзаност со место на живеење и региони, како и симпатизерство на политички партии.

**Табела 6. Ставови на граѓани за тоа кој треба да ја донесе одлуката за името по етничка и партиска основа**

| Став | Ет. Мак. | Ет. Алб. | Не е симпат. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Владата и Собранието на Македонија | 61,7 % | 52,1 % | 58,2 % | 71,3 % | 52,8 % | 41,8 % | 52,5 % |
| Рамковен формат | 29,7 % | 45,6 % | 32,0 % | 22,2 % | 44,4 % | 55,2 % | 47,5 % |
| Без одговор | 8,6 % | 2,3 % | 9,9 % | 6,5 % | 2,8 % | 3,0 % | 0,0 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Мнозинство од граѓаните (54,4 %) сметаат дека е неопходен советодавен референдум, пред да се донесе одлука во Собранието.

**Графикон 4. Дали пред донесување на одлуката за името во Собранието, е неопходен советодавен референдум?**



И тука ставовите на граѓаните не се разликуваат по социо-демографски основи, со исклучок на етничка основа и со нејзина поврзаност со место на живеење и региони, како и симпатизерството на политички партии. За забележување е дека **двајца од тројца етнички Македонци**, како и **еден од тројца етнички Албанци** се за одржување референдум, како и тоа дека **мнозинството и од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, како и граѓаните кои не се симпатизери се за** одржување референдум.

**Табела 7. Согласност за советодавен референдум по етничка и партиска основа**

| Советодавен референдум | ет. Мак | ет. Алб | Не е симпат. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | ДПА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 61,7 % | 34,0 % | 52,4 % | 72,6 % | 55,6 % | 31,3 % | 33,9 % |
| Не | 25,3 % | 45,2 % | 28,1 % | 16,5 % | 32,6 % | 49,3 % | 42,4 % |
| Не знам | 13,0 % | 20,8 % | 19,5 % | 10,9 % | 11,8 % | 19,4 % | 23,7 % |
| Вкупно | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % | 100 % |

Уште по една основа се јавуваат разлики, а тоа е возраста. Референдумот има поголема поддршка меѓу најмладите (59,1 %), а најмала меѓу граѓаните над 65 години (46,9 %).

## Заклучоци

**Половина од граѓаните се против каква било промена, четвртина за „двојната формула“ и четвртина за едно од три други решенија.** Најмалку прифатливи се решенијата за ново име за сите употреби или договорено име за сите меѓународни комуникации. За 15,7 % од граѓаните е неприфатливо Македонија да не прифати никаква промена.

**Разлики во однос на ставовите се јавуваат на етничка основа, но не и на партиска основа.** Никаква промена (60,2 %) и „двојната формула“ (28,3 %) се два најприфатливи избори за етничките Македонци. Тие заедно чинат 88,5 %. Ново име (31,3 %) и договорено име во меѓународните организации (28,6 %) се два најприфатливи избори за етничките Албанци. За етничките Македонци ново име за сите употреби е најмалку прифатлив избор, а за етничките Албанци најмалку прифатлив избор е никаква промена. Мнозинството на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, како и на граѓаните кои не се симпатизери на политички партии се одлучиле за никакви промени како прв најдобар избор кој ги одразува нивните ставови.

**Потребна е зголемен дијалог меѓу двете најбројни заедници во Македонија.** Никаква промена е прв најприфатлив избор за 60,2 % од етничките Македонци, а истиот е најмалку прифатлив за 40,5 % од етничките Албанци.

**Северна, вардарска и горна – неприфатливи географски придавки/додавки за мнозинството граѓани.** Во однос на ставовите, се повторуваат разликите на етничка и партиска основа.

Граѓаните кои не прифаќаат ниту една од прашаните придавки/додавки (60,9 %) се повеќе од граѓаните за кои најдобар избор е „никаква промена“ (48,4 %). Разликата може да се толкува дека за граѓаните се поприфатливи други придавки/додавки кои не се поставени во анкетата. Но, поверојатно е дека тоа е во сооднос со збирниот број на граѓани од 64,5 % на кои прв најдобар и втор најдобар избор им е „никаква промена“ или со збирниот број на граѓани од 73,4 % на кои прв најдобар избор им е „никаква промена “ и „двојната формула“.

**Владата и Собранието со мандат за одлучување**, а секој трет граѓанин поддржува „рамковен формат“. Постои поделеност во однос на потребата за одржување советодавен референдум меѓу граѓаните кои се за со 54,4 % и граѓаните кои се против и не знаат.